**Р Е Ф Е Р А Т**
**ЗА ИЗБОР ВО ЗВАЊЕ НАУЧЕН СОРАБОТНИК ЗА ПРЕДМЕТИТЕ МЕНАЏМЕНТ И ПРЕТПРИЕМНИШТВО**
**НА ПРИВАТЕН НАУЧЕН ИНСТИТУТ ЗА БИЗНИС ЕКОНОМИЈА СКОПЈЕ**

Со одлука на Основачот на Приватниот Научен институт за бизнис економија е формирана Матична комисија во состав: Д-р Антонија Јосифовска (претседател) и членови: Д-р Страхиња Трпевски, Д-р Слаѓана Стојановска, Д-р Ирина Пиперкова-Мајовски и Д-р Наташа Даниловска за избор во научни звања.

Врз основа на приложената документација Матичната комисија го поднесува следниов:

И З В Е Ш Т А Ј

1 **Биографски податоци**

Д-р Николина Трајаноска е родена на 20.10.1952 година во Скопје. Осумгодишно и средно училиште завршила во Кичево. Дипломирала на Технолошко-металуршки факултет во Скопје во 1977 година, а постдипломски студии завршила на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј- Скопје ЈНУ „Економски институт-Скопје, на групата за меѓународна економија во март 2006 година, одбранувајќи ја магистерската работа - **„Деловните гроздови и конкурентската предност на националните стопанства”.** На Факултетот за бизнис економија во Скопје, на 26 март 2010 година ја одбранила докторската дисертација под наслов **“Зголемување на конкурентноста на компаниите преку кластерско организирање и брендирање на производите”.**

По завршувањето на факултетот почнала да работи како технички раководител во Модната конфекција „Кикотекс”- во Кичево, каде покасно работи и како генерален директор на компанијата. Во 1994 година била избрана за пратеник во Собранието на Република Македонија (мандат 1994-1998). Од 1999 година работи во Министерство за економија во Секторот за индустриска политика.

Има објавено бројни научни и стручни трудови. Учествувала на повеќе советувања, семинари и меѓународни конференции. Активно учествувала во повеќе домашни и меѓународни проекти.

Најважните подрачја на ангажирање во научноистрачувачката и наставната активност се од обласат на индустриската политика, конкурентноста, развојот на МСП, иновативноста и друго.

Неколку пати бил член на комисии за евалуација на меѓународни проекти.

2. **Научноистражувачка и проектна активност**

2.1. Научноистражувачка активност

Д-р Николина Трајаноска има учествувано во изработката на повеќе трудови и проекти како раководител на тим и непосреден извршител, учествувала на повеќе научни собири во земјата и странство, а има објавено и бројни трудови.

Ќе наведеме само некои од научните и стручните трудови:

- Предизвиците на текстилната индустрија во Република Македонија- Билтен на Министерството за финансии, бр, 1 2007 година,
- Унапредување на деловните статистики – очекувања на Министерството за економија – Публикација на ДЗС, 2007 година,
- Крај на квотите за текстил-што потоа? – Билтен на текстилците од Источна Македонија бр.2 Октомври 2004 година,
- Развојот на текстилната индустрија во Република Македонија- Билтен на Министерството за економија, бр.2 2004 година,
- Национален план за акција за рамноправност помеѓу половите – Влада на РМ, 2000 година (Поглавје Б. Жените во власта и одлучувањето)
- „Македонките во Пекинг" –IV Светска Конференција на жените, 1995, (Платформа за акција – Критични подрачја на грижата и Извештај)
- Common textile conference'2007: Challenges of the textile industry in the Republic of Macedonia", Sofia, R. Bulgaria 2007,
- Common textile conference'2008: How to catch European values in the textile industry - Sofia, R. Bulgaria 2008,
- Common textile conference'2009: How to overcome global crisis in the textile industry in the Republic of Macedonia, Sofia, R. Bulgaria 2009,
- Common textile conference'2010: Social Corporate Responsibility in the textile industry in the Republic of Macedonia, Sofia, R. Bulgaria 2010,
- Трета меѓународна Конференција за кластери – Опатија 2009 Cluster policy in the Republic of Macedonia,
- Втора Меѓународна конференција за кластери – Скопје, 18 јуни 2009 – Улогата на потпорните институции за развој на кластерите
- Четврта меѓународна конференција за кластери – Опатија 2010 – National policy for support clustering
- 13-th TCI Global Conference in New Delhi, декември 2010 година – Clustering in the Republic of Macedonia
- TCI - Регионална Конференција – „Inspiring Clusters in the Beginning of the New Decade", Tallin, Estonia – април 2011
- –4$^{th}$ $^{I}$nternational Conference on Entrepreneurship, Innovation and Regional Development 2011 – Охрид – мај 2011 година- Clusters as a driver of regional development

2.2. Проектна активност:

- 2002-2004- Скопје, ЕУ-ВЕТ-2 Проект – менаџирање со работни групи, развој на политики, развој на законска рамка за ВЕТ, Организирање семинари за дисеминација и конференции,

- 2003-2006 – Скопје, Проект МСА- USAID – Градење конкурентност, работа со кластери на создавање конкурентски предности за успех на меѓународните пазари,

- EU-EAR- Small and medium Enterprise development Governement and private Sector, 2004-2007 година, Република Македонија,

Стратегија за индустриска политика 2009-2020 - BERIS , EU-EAR проект, 2006-2010- Министерство за економија, бенчмаркинг, индикаори за конкурентност, индустриска политика

Обуки:

- 05.-30.09.2005, Еде – Холандија – Управување со проектен циклус (планирање, анализа на проблеми, изнаоѓање решенија, ИОМ, логичка рамка, алокациј ана ресурси, момиторинг и евалуација) – МДФ- Холандија
- 31.03.-20.05.2006, Скопје – Слободно движење на стоки, слободно движење н алуѓе и социјалн аполитикиа на ЕУ – Економски факултет – Скопје и Колеџ на Европа во Бриж – Белгија
- 21.05.-01.07.2006, Еде- Холандија – Курс за меѓународен консултант – организациско јакнење, развој на човечки ресурси, ПОДИА – приод, лидерство – МДФ- Холандија

## 3. Заклучок и предлог

Од претходно изнесеното произлегува дека кандидатот д-р Николина Трајаноска ја остварила потребната научноистражувачка и друга стручна активност, за нејзин избор во научно звање.

Имајќи ја предвид степенот на образование, остварената научноистражувачка активност, како и личното познавање и меѓусебната соработка, кандидатот ги задоволува пропишаните услови и критериуми за избор во научно звање научен соработник во Научниот институт за бизнис економија Скопје.

Поради тоа, Матичната комисија на Институтот за бизнис економија Скопје, предлага, кандидатот д-р Николина Трајаноска да биде избрана во звање научен соработник на Институтот, за предметите менаџмент и претприемништво.

| Скопје, 05.05.2011 година | Матична комисија: |
|---|---|
| | 1. Д-р Антонија Јосифовска |
| | 2. Д-р Страхиња Трпевски |
| | 3. Д-р Слаѓана Стојановска<br>4. Д-р Ирина Пиперкова-Мајовски<br>5. Д-р Наташа Даниловска |